Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 136/0306
16.08 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на **31.07.2024** година, врз основа на примена жалба од **СВР Тетово** ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## Жалбата е основана

Текстот, на онлајн медиумот **Pa Censure** (pacensure.com) под наслов ***„’Малтретираната невеста’ од Теќе во Тетово продолжува со нејзиниот живот со сопругот и нивните деца подалеку од нејзиниот свекор-насилник“***, објавен на **09.07.2024 г.**, отстапува од етичките и професионалните стандарди.

## ЖАЛБА

До Комисијата за жалби при СЕММ, преку Извршната канцеларија, на 25.07.2024 година е доставена жалба од СВР Тетово во која се наведува дека до нив е поднесена пријава за злоупотреба на лични податоци од страна на медиумот Pa censure кој објавил текст и фотографии без согласност од лицето што ја поднело пријавата. Тоа е сторено два пати и преку објави на социјалната мрежа Фејсбук, при што во првиот случај било нагласено името и презимето на пријавителот со назнака „Свекорот насилник“, додека во вториот случај со текст со наслов „*Последна фотографија од малтретираната снаа од Тетовско Теќе, продолжува да живее со сопругот и нејзините деца далеку од свекорот кој ѝ го вршеше насилството*“, при што повторно била објавена фотографија од свекорот без негова дозвола.

СВР Тетово бара од СЕММ да оцени дали пријавената новинарка сторила повреди и злоупотреба на нејзината професија преку прекршување на членовите 7 и 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, побара од медиумот да се изјасни за наводите во жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, до датумот утврден според Правилникот за работа на Комисијата, медиумот не достави одговор, иако регуларно беше контактиран од Извршната канцеларија и известен за пристигнатата жалба и наводите во неа.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. Со текстот и фотографиите објавени во онлајн медиумот Pa Censure (pacensure.com) под наслов „*’Малтретираната невеста’ од Теќе во Тетово продолжува со нејзиниот живот со сопругот и нивните деца подалеку од нејзиниот свекор-насилник“*, прекршени се членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија и одделни членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата за жалби го разгледа спорниот текст и утврди дека се однесува на тема која е од висок степен на јавен интерес. Станува збор за повеќегодишен случај на семејно насилство, за реакциите на надлежноте институциите и за негативните последици од семејното насилство врз жртвите, случај кој медиумот го следел повеќекратно. Сепак, Комисијата утврди дека медиумот не ги почитувал строгите правила одредени во Кодексот на новинарите и во Насоките за известување на онлајн медиумите за ваков вид случаи.

Прво, за членовите на Комисијата беше неспорно дека медиумот со начинот на известувањето, особено со објавувањето на неколку спорни фотографии, не го заштитил пред сѐ идентитетот на жената која е жртва во овој случај на семејно насилство. Со објавувањето на фотографиите на наводниот насилник, медиумот индиректно го открил и идентитетот на жртвата, со што овозможил таа (но, исто така и нејзините најблиски) да бидат стигматизирани од средината во која живеат, односно да бидат подложени на дополнителна (секундарна) виктимизација. Комисијата оцени дека дури и кога жртвата нема проблем со излегување во јавност, кај случаите на семејно насилство жртвата никогаш не е само една личност. Жртви се и децата и другите членови на семејството кои, особено во малите места, се изложени на коментари, озборувања и непријатни ситуации што ќе ги следат дури и кога интересот на јавноста за случајот, од аспект на дневно покривање, ќе го снема. Одговорен медиум мора тоа да го земе предвид и на ваквите случаи да им пристапува особено внимателно, без сензационализам, со почитување на приватноста и емпатија за чувствата на жртвата и нејзините блиски што може да ги предизвика објавувањето на деталите за овој случај.

Второ, Комисијата смета дека медиумот ја прекршил и приватноста на лицето за кое се тврди дека е насилник, со тоа што со текстот е објавена неговата фотографија, од која лесно може да се утврди неговиот идентитет, но исто така и со тоа што на социјалните мрежи, новинарката и главна уредничка на медиумот, го објавува и неговото целосно име.

Имајќи ги предвид горенаведените аргументи, Комисијата утврди дека медиумот ги прекршил членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Членот 7 е прекршен поради повреда на приватноста на жртвата на семејно насилство, но и на лицето за кое се смета дека е сторител на насилство.

Членот 8 е прекршен поради сензационалистичкото известување за овој случај, без оглед на јавниот интерес, како и поради непочитување на пресумпцијата на невиност на лицето против кое надлежните институции повеле постапка, но за чиј идентитет не објавиле информации.

Член 7
Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

Член 8
Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

Покрај членовите на Кодексот, прекршени се и одредби од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите и тоа:

7.3. Темите кои се однесуваат на лични трагедии секогаш ќе бидат внимателно обработувани, а на лицата погодени од трагедијата ќе им се приоѓа со сочувство и дискреција. При известувањето за несреќи, кривични дела, самоубиства или семејно насилство, нема да се објавуваат имиња и фотографии на жртвите. Нема да се објавуваат ниту податоци од кои индиректно би можел да се открие идентитетот на жртвата или сторителот, пред тоа официјално да го соопштат надлежните институции.

7.5. Во известувањето за жртви на силување или жртви на сексуално асилство, идентитетот на лицата нема да се открива без согласност на жртвата ...

8.8. Во известувањето за истражни и судски постапки, онлајн медиумите ќе се повикуваат на информации од официјални истражни и правосудни институциии, без сензационалистички пристап во информирањето. Притоа, особено ќе внимаваат какви термини употребуваат за статусот на лицата во постапките за кои известуваат, со цел да не го повредат нивното право на пресумпција на невиност.

Комисијата на крајот смета дека овие прекршувања се направени од невнимание на новинарката и медиумот и уште еднаш апелира при известувањето за ваков тип чувствителни теми медиумите строго да се придржуваат кон правилата во Кодексот на новинарите и во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Зуриета Јахјага и Тамара Чаусидис.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595